# ПРАВИЛНИК

на Македонско "Шутинг" Рели (**МШР**)
Скопје

1. Македонското Шутинг Рели, претставува пред се собир на луѓе кои имаат љубов кон рачното огнено оружје и/или мото спортот и возењето џип им претставува задоволство. Со организирање на Релито на оружјето кое граѓаните го поседуваат од најразлични причини ќе му се даде спортски карактер. Ќе се придонесе кон општата безбедност со зголемување на нивото на безбедност и правилност во ракувањето со оружјето, со проверка на функционалноста на истото и со остварување на желбата за проба и употреба на оружјето, а во спортски цели.

2. Шутинг Релито има натпреварувачки карактер.

3. Се натпреваруваат екипи составени од два члена, од кои едниот вози, а другиот (совозачот) стрела во мети.

4. На Релито имаат право да пријават екипи за учество сите заинтересирани физички и правни лица.

5. Возило и рачно оружје (пиштол или револвер) за Релито е должен да си обезбеди пријавувачот.

6. Дозволено е натпреварување со било која марка и тип на теренско возило - џип.

7. Дозволено е натпреварување со било која марка и тип на пиштол или револвер.

8. Најмал дозволен калибер на оружјето е 9 мм, додека максимално дозволен 11,5 мм.

9. При пријавувањето учесниците пополнуваат и потпишуваат формулар со лични податоци и изјава дека гарантираат за безбедноста на возилото и оружјето, како и изјава дека се запознаени и ќе го почитуваат Правилникот на МШР.

10. За безбедноста на сите присутни и општата сигурност при натпреварот, како и за правилно одвивање и фер игра се грижи КОМИСИЈА, назначена од Управниот одбор на РК и ССК "Антена".

11. Комисијата во секое време од натпреварот доколку оцени дека е загрозена или може да биде загрозена безбедноста, може да не дозволи или да забрани понатамошно учество на поединец, возило или оружје во натпреварот. Односно да предложи ,со задолжително

почитување на нејзината одлука од страна на натпреварувачот, промена или сервисирање на возилото, како и промена и сервисирање на оружјето. Комисијата може во врска со безбедноста да дисквалификува еден член од екипата или пак ако оцени и пријавената екипа.

12. Пред официјалниот дел од натпреварувањето, Комисијата, односно нејзини членови, даваат брифинг за безбедносно ракување со огнено оружје. И потсетуват на правилата за безбедност од Правилникот на МШР. Присуството на сите брифинзи во секое време кога тоа ќе го побара Комисијата се задолжителни.

13. За правилно оценување на постигнатото време и резултати од стрелањето се надлежни судии, кои се подредени на Комисијата.

14. Судиите го надгледуваат натпреварувањето на стартот, на секоја точка и на целта. Главниот судија ги собира поените и ја дава крајната бодовна состојба.

15. При пријавување задолжително треба да се приложи:
    - Сообраќајна дозвола, како доказ дека возилото е технички исправно и осигурано.
    - Важечка возачка дозвола на име на возачот.
    - Дозвола за поседување и носење на оружје за совозачот, односно стрелецот од екипата.

16. За пријавување на екипа се плаќа котизација во износ од 2.000 денари.

17. Гориво за џипот обезбедува пријавувачот на екипата.

18. Муниција за официјалниот дел на натпреварот обезбедува организаторот. За тренинг и проверка на знаењата во безбедно ракување со оружјето, муниција обезбедува натпреварувачот.

19. Натпреварот се одвива на тој начин што на стартната позиција во возилото се наоѓаат двајцата членови на екипата. Претходно се врши кратка визуелна проверка на учесниците, возилото и оружјето. Се дели потребната муниција, се полнат магацините, а оружјето за цело тоа време задолжително мора да биде во футрола.

    Учесниците седејќи во џипот чекаат, од судијата, знак за тргнување.

    Се вози до првата точка, каде што совозачот треба веднаш да излезе и стрела кон поставените мети. Во секоја мета по еден куршум, максимум шест мети по точка. По завршувањето со стрелбата пиштолот/револверот празен се враќа во фатролата и истата се закопчува. Забрането е носење на оружјето во фатроли без закопчување или во незакопчана фатрола. Судијата на точката

може да го сопре натпреварувачот се додека не го доведе оружјето во пропишаната состојба.

Совозачот се враќа во џипот по што веднаш се упатуваат кон втората точка. Маневрирање со оружјето во кабината на возилото за време на натпреварот е забранета.

На втората точка, совозачот повторно излегува и го полни оружјето. Доколку се натпреварува со револвер, се полни со брз полнач или рачно, на самото место. Доколку е пиштол се полни со рамка наполнета со шест куршуми. Дозволено е употреба на повеќе магацини за муниција за конкретното оружје. Доколку натпреварувачот нема трета рамка, може да позајми од друг или пак за време на стрелбата на втората точка возачот може да ја наполни (повторно со шест куршуми) претходно испразнетата рамка од претходната точка. Тоа му е дозволено и на стрелецот, но само надвор од возилото на некоја од точките.

Претходно наведената постапка важи за сите точки (4).

Потоа се вози кон целта, каде што повторно совозачот излегува и притиска со раката на копче од стоперицата која го мери времето.

Со тоа натпреварувачката екипа завршува со натпреварот.

20. Главниот судија добива извештај за поените од судиите по точки и прави пресметка на бодови, единица време по единица поен, плус поените од постигнатите погодоци, минус поените за промашувања.

21. Потоа се објавува бројот на освоените бодови и пласманот на ранг листата. Доколку има приговори на оценувањето, тие се поднесуваат до Претседателот на Комисијата.

22. Откако ќе завршат со натпреварување сите екипи и се решени сите евентуални приговори, се објавува конечна ранг листа, а со тоа и победникот на МШР.

23. За текот на сите предвидени активности од неофицијалниот и официјалниот дел на Релито ќе биде изготвена програма која ќе биде доставена до сите учесници.